За изработка на било кој графички производ, припремата треба да е прилагодена спрема начинот на изработка и печатење

**1.Преферираме документи изработени во PDF формат**

Досегашното искуство ни кажува дека најстабилен формат за фајлови за печатење е pdf форматот.препорачуваме верзија Acrobat 5.0 (pdf14).

**2. Место и маркови за сечење**

При припрема на вашиот документ треба на краевите на сите страни да се додаде по 2мм. од самиот принт.

Ова место што се додава овозможува при сечење документот да се исече во марго ( вистинска димензија на фајл) како би можеле производот да го добиеме во бараната димензија.

Кроп Марковите се ставаат за квалитетно и прецизно обрежување.




**3. CMYK колор формат**

Препорачуваме cmyk колор формат на

Документите кои ги печатиме,затоа машините работтат на тој формат и доколку фајлот е работен во RGB или Pantone,тогаш при конверзија може да има помало или поголемо одстапување од бараната боја.

**4. Полна Црна Боја**

Доколку црната бја не Ви е доволно јака при поголеми површини на црна боја може да се користи CMYK палетата на бои која се состои од C: 50% ; M: 50% ; Y: 50% ; K: 100%.

**5. OVERPRINT**

Бидете внимателни со overprint опцијата. Резултатот од таа опција  е видлив само на принтот.

**6. ГРАДИЕНТИ - ПРЕЛАЗИ**

Доколку сакате да добиете најдобар градиент најдобро е да се направи во Photoshop затоа што

Векторските градиенти имаат проблем при процесирањето при принтање и често се појавувааат

видливи скалести премини од една до друга боја.за да се избегне тоа користете опција Add noise" филтер на градиент, max. 2-3).

**7. ФОНТОВИ**

Постојат две опции

А наједноставно и најсигурно, доколку работите со векторски апликации претворете ги сите фонтови во вектор и пота претворете го докуметот во PDF.

Б доколку неможете да ја нправите опцјата под А, при трансформација на фајлот во PDF штиклирајте ја опцијата,embed all fonts

**8. ДОСТАВА НА ДОКУМЕНТИТЕ ВО ДРУГИ ФОРМАТИ**

Може да се достават и во CDR, AI, EPS, доколку горните параметри се задоволени

**9. ФОРМАТ НА КОЈ СЕ ПЕЧАТИ:**

**Xerox дигитален печат:**

Стандарден формат: 450 x 320 mm / Макс. површина на печат: 445 x 315 mm

Макс.формат на хартија: 488 x 330 mm / Макс. површина на печат: 480 x 320 mm

**HP голем формат indoor / outdoor:**

Максимална ширина на принт 1,6 м на должина по желба

**Outdoor:**

Максимална ширина на принт 3,2 м на дожина по желба

**10. Помош**

Доколку не сте сигурни во изработката на вашиот фајл и доколку имате некоја нејаснотија, слободно може да ни се обратите за совет и помош